**20252384624**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 73 став (9) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ОВЛАСТУВАЊЕТО ЗА ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ЗА ПОВРШИНСКА И ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ПРЕРАБОТКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ДРУГИ РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА РУДАРСТВОТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.

Член 2

(1) Овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството се издава на образец А4 формат на тврда хартија во бела боја.

(2) Формата и содржината на овластувањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на овластувањето за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.21/23).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 31-4076/6
18 ноември 2025 година
Скопје

Министер за енергетика,
рударство и минерални суровини,
**Сања Божиновска**, с.р.

**Прилог**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 73 став (3) од Законот за минерални суровини (*), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини издава

**ОВЛАСТУВАЊЕ**

**ЗА ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ЗА ПОВРШИНСКА И ПОДЗЕМНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ПРЕРАБОТКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ДРУГИ РУДАРСКИ ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА РУДАРСТВОТО**

**Број _____**
**на**

______________________________________________

**(назив на правното лице)**

**со МБС ________________, и ЕДБ ____________________.**

**Носителот на овластувањето се стекна со право за изработка на рударски проекти за површинска и подземна експлоатација, преработка на минерални суровини и други рударски проекти од областа на рударството.**

Бр.______________
___.___.______ година
Скопје

**Министер за енергетика,**
**рударство и минерални суровини,**
**Сања Божиновска**